Уп. Бр.08-131/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Arena Channels Group ДОО Брлград,со седиште на ул. Владимир Поповиќ бр.6 Белград-Нов Белград, Република Србија, преку полномошник Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 12.10.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Arena Channels Group ДОО Брлград,со седиште на ул. Владимир Поповиќ бр.6 Белград-Нов Белград, Република Србија ќе стекне контрола над Arena sport ДОО Љубљана, со седиште на ул. Шландрова улицабр.4Б, Љубљана-Чрнуче, Република Словенија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 30.08.2023 година, а дополнето на 20.09.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Arena Channels Group ДОО Брлград,со седиште на ул. Владимир Поповиќ бр.6 Белград-Нов Белград, Република Србија со која Arena Channels Group ДОО Брлград има намера да стекне контрола над Arena sport ДОО Љубљана, со седиште на ул. Шландрова улицабр.4Б, Љубљана-Чрнуче, Република Словенија по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Arena Channels Group ДОО Брлград** е емитер на спортски ТВ канали на своите специјализирани спортски ТВ канали (Арена Спорт), како и на ТВ канали со филмска и сериска содржина.

Arena Channels Group ДОО Брлград е во сопственост на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград Република Србија, кој обезбедува телекомуникациски услуги.

Поврзано лице[1] на подносителот на известување во Република Северна Македонија е Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Максим горки 11/1-3 Скопје, регистрирано за дејност на жичани телекомуникации односно за двање на следните услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.
Дополнително, Arena Channels Group ДОО Брлград е присутен во Република Северна Македонија преку продажба на ТВ канали (има склучени договори за дистрибуција на ТВ програми со македонски оператори кои пружаат услуги за дистрибуција на медиумски содржини) како и продажба на ТВ права (на македонска телевизиска куќа како емитер на телевизиска програма).

**Arena sport ДОО Љубљана** врши продукција и емитување на тематска спортска телевизиска програма.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

---

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**